Skill Match Smile
in an Intelligent Learning Environment

Билтен 5

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.

Од пилот-тестирањето до завршната конференција: обединување на резултатите од проектот S.M.I.L.E.



По објавувањето на Билтенот 4, кој беше посветен на имплементацијата на моделот S.M.I.L.E. на партнерските универзитети, проектот влезе во својата завршна фаза. Пилот-тестирањето им овозможи на универзитетските професори, стручните лица за кариерно насочување и советување и професионалците од центрите за кариера да ги применат моделот S.M.I.L.E., алатките на платформата TaiLENT и дигиталниот екосистем „Водич за иднината“ (Guide to the Future) во работата со студентите, поврзувајќи ги самопроценката, доказите за стекнатите компетенции, кариерните аспирации и потребите на пазарот на трудот.

На **22 октомври 2026 година**, партнерите од проектот се собраа во Неапол, во салата „TERRANEXT“, во рамки на комплексот „Сан Џовани“ на Универзитетот „Федерико II“, по повод одржувањето на Завршната конференција на проектот **S.M.I.L.E. – Skill Match in an Intelligent Learning Environment (Синхронизација на вештините во интелигентно образовно опкружување)**. Конференцијата, одржана само неколку дена пред официјалното завршување на проектот на 2 ноември 2026 година, претставуваше природна можност за сумирање на постигнатите резултати и заокружување на 24-месечната проектна реализација.

Конференцијата беше осмислена не како традиционален настан за презентирање на проектните резултати, туку како платформа за дијалог меѓу универзитетите, компаниите, центрите за компетенции, стопанските комори и засегнатите страни во областа на кариерното насочување и советување. По претставувањето на проектот и неговите резултати – моделот, методологиите, образовните ресурси и технолошките алатки – програмата продолжи со две панел-дискусии посветени на едно заедничко прашање: **како дијалогот меѓу универзитетите и деловниот сектор да стане навремен, поструктуриран и континуиран, со цел променливите професионални потреби да се преточат во релевантни компетенции, значајни искуства од учењето и конкретни можности за студентите?**



Токму оваа транзиција претставува суштински дел од завршната фаза на проектот S.M.I.L.E.: премин од идентификување на неусогласеноста меѓу понудата и побарувачката на вештини кон воспоставување екосистем во кој кариерното насочување, образованието и вработувањето се поврзани со дигиталната, зелената и претприемачката трансформација, како и со реалните способности на поединците да создаваат вредност во рамки на организациите.

Најзначајни моменти од Завршната конференција: од дијалог меѓу универзитетите и деловниот сектор до нов пристап кон кариерното насочување



Завршната конференција на проектот S.M.I.L.E. претставуваше значајна можност за споделување на постигнатите резултати од проектот и разгледување на начините на кои зајакнатата соработка меѓу универзитетите и деловниот сектор може да придонесе за намалување на неусогласеноста меѓу понудата и побарувачката на вештини, како и за поддршка на студентите при нивниот премин од образованието кон вработувањето. Преку две тематски поврзани панел-дискусии беа разгледани потребата за преточување на променливите барања на пазарот на трудот во релевантни и современи искуства од учењето, како и важноста од оспособување на студентите и дипломираните лица да ги препознаат, демонстрираат и презентираат своите компетенции преку конкретни докази, алатки за самопроценка и продлабочено разбирање на деловните процеси и динамики.

Посебен акцент беше ставен на потенцијалот на дигиталните технологии и вештачката интелигенција за обезбедување персонализирани и поефективни процеси на кариерно насочување, образование и посредување при вработување.

На конференцијата беа истакнати и главните постигнувања на проектот S.M.I.L.E.: развојот на модел заснован на компетенции, поддржан од вештачка интелигенција; интеграцијата на платформата TaiLENT за проценка на вештините, анализа на недостатоците во компетенциите, усогласување со професионалните профили според класификацијата ESCO и обезбедување персонализирани препораки за учење; дигиталниот екосистем „Водич за иднината“ (Guide to the Future), кој ја поддржува самосвесноста, развојот на компетенциите и планирањето на кариерата; како и отворените образовни ресурси (ООР), кои го поттикнуваат доживотното учење.



Реализацијата на проектот, збогатена со работилници за валидација во кои учествуваа 85 лица, дополнителни средби со 60 засегнати страни и активности за пилот-тестирање на партнерските универзитети, ја потврди важноста на интегрираниот пристап заснован на докази, континуираната соработка со деловниот сектор и примената на вештачката интелигенција како средство за поддршка, а не за замена на човечкото расудување.

На тој начин, проектот S.M.I.L.E. ги постави темелите за транснационален екосистем на соработка, кој овозможува воспоставување долгорочни врски меѓу високото образование, развојот на вештините и можностите за вработување.

Што следува? Иднината на S.M.I.L.E. по завршувањето на проектот



По одржувањето на Завршната конференција на 22 октомври 2026 година, проектот S.M.I.L.E. се приближува кон своето официјално завршување на 2 ноември 2026 година, оставајќи зад себе значајно наследство од методологии, дигитални алатки и образовни ресурси, осмислени да создаваат долгорочна вредност и по завршувањето на периодот на европско финансирање. Одржливоста на проектните резултати ќе се обезбеди преку понатамошно зајакнување на **транснационалната отворена мрежа**, воспоставена меѓу универзитетите, центрите за обуки, стопанските комори и компаниите, интегрирање на моделот S.M.I.L.E. во постојните практики за кариерно насочување, образование и посредување при вработување, како и преку обезбедување континуиран пристап до отворените образовни ресурси (ООР).

Одговорната примена на вештачката интелигенција ќе остане еден од клучните приоритети, овозможувајќи поддршка при проценката на компетенциите и персонализацијата на процесите на учење и кариерен развој, истовремено препознавајќи ја и зајакнувајќи ја суштинската улога на универзитетските професори, стручните лица за кариерно насочување и советување и деловниот сектор.

Најзначајното наследство на проектот S.M.I.L.E. е, и ќе продолжи да биде, одржлива рамка за долгорочна соработка меѓу високообразовните институции и деловната заедница, која овозможува поврзување на компетенциите, индивидуалните аспирации и променливите потреби на пазарот на трудот, со цел да се даде конкретен придонес кон намалување на неусогласеноста меѓу понудата и побарувачката на вештини.





ОСТАНЕТЕ ВО ТЕК СО РЕЗУЛТАТИТЕ И ДОЛГОРОЧНОТО НАСЛЕДСТВО НА ПРОЕКТОТ S.M.I.L.E.!

Co-funded by the European Union

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them.